| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево и КО Галачичник, општина Маврово и Ростуше |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | „КВАДАР“ ДОО Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Биљана Петрова, диа<br>Овластување бр.0.0435 |
| **Назив на работното место** | Овластен планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: ул. Никола Русински 3-1/5, Скопје<br>тел. за контакт: 02 5200929 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| • Донесувањето на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево и КО Галачичник, општина Маврово и Ростуше произлегува согласно член 30 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/222).<br>За предметниот плански опфат се изработени Услови за планирање на просторот, од страна на Агенцијата за планирање на просторот, со тех. бр: У36622, за кои е добиено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-1612/2022 од 24.08.2022 год.), од страна на МЖСПП, како и одобрена Планска Програма (Решение од МТВ арх.бр. 21-4334/9). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да, со планскиот документ се планира реализирање на проект кој припаѓа во Прилог II од Уредбата, односно Проекти за кои се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина<br>Точка 3 Енергетика (з) Инсталации за искористување на силата на ветерот, заради производство на енергија.<br>Од страна на МЖСПП е утврдено дека за овој проект е потребно да се спроведе постапка за оцена на влијанија врз животната средина. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Со донесувањето на урбанистичкиот план ќе се овозможи урбанизација на земјиштето со соодветни класи на намена, со цел изградба на градби од државно значење, односно изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW).<br>На подрачјето на овој урбанистички план се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, група на класи на намени, класи на намени и поединечни намени и нивни ознаки:<br>**Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА**<br>Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори<br>Г3.7- Ветерни електрани<br>**Е - ИНФРАСТРУКТУРИ**<br>Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштита на животната средина се ***донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена*** на животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |

Просторно и урбанистичко планирање на просторот

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

/

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Да, се врши стручна ревизија во согласност со членот 48 од Законот за урбанистичко планирање, со која се потврдува законитоста, прифатливоста и оправданоста на предложените плански решенија. Забелешките и предлозите од стручната ревизија се вградуваат во предлог на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Планскиот опфат е лоциран во Општина Кичево на периферијата на Кичево со оддалеченост од 12km, со планинско земјиште на надморска височина од 1800- 2000m, на делови од КП 1, КП 3 и КП 6; КО Душегубица, КП 1; КО Добреноец и КП 24 и КП 38; КО Галичник. Површината на опфатот е 241 856.63 m² (24,19 ha), со катастарска култура пасиште и камењар, како и јавни пат (постоен некатегоризиран пат кон кој се приклучува планираниот пат).

Планскиот опфат е со должина од 7km, во правец север-југ. Планскиот опфат е определен на север со точка на оската на опфатот со координатите: X =7484690.6915 Y = 4604579.2600 и најјужна точка од опфатот со координати: X =X = 7484812.4800 Y = 4598306.4728.

Претходно за предметниот плански опфат не се изработени плански документации.

За опфатот добиени се услови за планирање на просторот со тех.бр.Y36622 од август 2022 (Решение од МЖСПП со бр.УП1-15-1612/2022 од 24.8.2022).

(Топографска мапа на локацијата и други мапи се приложени во Додаток 1).

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒
Не ☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој урбанистички план, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.

**Очекувани позитивни влијанија:**

Изградбата на ветерен парк и сообраќајни, линиски и други градби ќе допринесе за рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на инфраструктурата и градбите со теренот, производство/обезбедување на електрична енергија, нови работни места за населението, подобрување на квалитетот на живеење и сл.

**Очекувани негативни влијанија:**

Новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии кои негативно би влијаеле врз медиумите од животната средина, биолошката разновидност и здравјето на населението, затоа во стратегиската оцена на животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.

Можните влијанија се разгледуваат низ прашањата и одговорите, кои следуваат.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект, производство на електрична енергија од обновливи извори, намалување на зависноста од увоз на електрична енергија и цена, развој на локалната и регионалната економија односно ќе се отворат можности за нови вработувања на локалното население, поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија и сл.<br>Меѓутоа, разгледувано од аспект на животна средина имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево може да предизвика негативни влијанија врз животната средина.<br>При изградба на ветерниот парк, линиски градби и пристапни патишта ќе се генерираат емисии од градежните активности и тоа во воздухот, почвата и водите. Исто така во градежната фаза ќе се генерира зголемено количество отпад (главно градежен шут, земја, отпад од пакувања и вишок на употребени материјали), бучава, вибрации, инцидентни истекувања и сл. кои доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите на животната средина, биолошката разновидност, пределот и здравјето на луѓето. Исто така, се очекува зголемена фреквенција на возила по сообраќајниците која може да предизвика негативни влијанија врз корисниците на патот и локалното население. Овие влијанија се оценуваат како можни, од локален карактер, краткорочни/долгорочни, повратни/неповратни и со среден до голем интензитет.<br>Во оперативната фаза се очекуваат незначителни емисии во воздух, вода, отпад, емисии од евентуални несакани истекувања и сл. Овие емисии доколку не се соодветно управувани може да предизвикаат негативни влијанија врз квалитетот на водата, почвата, биолошка разновидност, здравјето на луѓето и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како негативни, можни, локални/регионални, повратни/неповратни, долгорочни влијанија, со незначителен интензитет. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во моментов нема навестено или планирано развојни проекти, од страна на Управата на НП Маврово и ЈП Студенчишта, во областа која ќе биде зафатена од градежни активности за воспоставување Ветерен Парк. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Во услови на нормални оперативни процеси, кои ќе се одвиваат во идниот плански опфат, не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето или животната средина.<br>Идните објекти во планскиот опфат ќе оперираат во согласност со највисоки технолошки и технички стандарди кои ќе гарантираат избегнување на сите можни ризици. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Вкупниот број на жители во Југозападен плански регион од изградбата на ветерната електрана Кичево изнесува околу 222141 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Изградбата на ветерниот парк Кичево ќе резултира со подобрување на социо-економскиот развој на Р.С. Македонија, преку производство/обезбедување на електрична енергија од обновливи извори и создавање на услови за одржлив економски развој. | |

| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Планскиот опфат навлегува во зона на одржливо користење во Национален Парк „Маврово“ и е во II и III зона на изворот Студенчишта, кој се планира да биде регионален систем за водоснабдување.<br>Во КО Душегубница и КО Добреноец општина Кичево нема евидентирани недвижни споменици на културата. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности, заради фактот што идните плански содржини ќе работат во согласност со најнови технолошки решенија, кои ќе бидат разгледувани на ниво на проекти. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува пасиште и камењар кое треба да се пренамени во градежно за да може да се отпочне со градба на предвидените содржини. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Планските содржини влегуваат во границите на националниот парк „Маврово“ (зона за одржливо користење) и може да имаат влијанија врз биолошката разновидност, пределот, живеалиштата и други природни вредности. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Урбанистичкиот план врши дефинирање на просторната организација во границите на планскиот опфат со разместување на предвидените функции и неопходна инфраструктура.
Планскиот документ предвидува имплементација на активност за воспоставување на ветерна електрана. За содржините предвидени во планскиот опфат ќе се изработува ОВЖС (Студија).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во околината на планскиот документ се наоѓаат површини под пасишта, камењар и шума. Отсуствуваат населени места и индустриски или стопански дејности во близина на планскиот опфат. Поради големата надморска височина (околу 2000 метри) на која се наоѓа планскиот опфат, временските/климатските услови ќе го ограничат периодот на изградба, пристапност до локација и сл.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Со планскиот документ се планира изградба на ветерна електрана, која ќе произведува електрична енергија од обновливи извори, што претставува еден од основните приоритети во одржлив развој.

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).** |
| Имплементацијата на планските содржини ќе бидат извори не емисии во животната средина, кои доколку не се преземат соодветни мерки може да предизвикаат негативни влијанија врз биолошката разновидност во границите на НП „Маврово" и квалитетот на водат во изворот Студенчишта, а со тоа и врз здравјето на луѓето.<br>Изградба на нови пристапни патишта и линиски градби ќе предизвикаат фрагментација на живеалишта, урбанизација на подрачјето, ќе го олеснат пристапот до подрачјето и ќе создадат услови за криволов, бесправна сеча и сл.<br>Спроведувањето на планските содржини може да го забават/одложат климатските услови на теренот и неговата достапност, наодите од истрагите за биолошката разновидност итн.<br>Со спроведување на планскиот документ ќе се овозможи производство на електрична енергија од обновливи извори што ќе овозможи социо-економски развој на регионално и државно ниво. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
| Планскиот документ кој е предмет на изготвување и разгледување е поврзан со следните плански документи во хиерархија на планирање:<br>- Просторниот план на Република Македонија, своен во (2004-2020 год.), врз основа на кој се изработени Агенцијата за планирање на просторот, со тех. бр: Y36622, за кои е добиено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-1612/2022 од 24.08.2022 год.)<br>- Просторен план на регионот на сливот на реката Треска донесен 2007 година. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** |
| Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** |
| Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека има потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. |

| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 21-4339/12<br>Датум: 14.12.2022 година<br>Место: Скопје | М.П. |